Д Р Ж А В Е Н   П Р О С В Е Т Е Н   И Н С П Е К Т О Р А Т
С К О П Ј Е

# И З В Е Ш Т А Ј

ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА
во ООУ„Св Климент Охридски“ - Скопје

Скопје, Мај - 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен просветен инспекторат
Број: 09-92/3
15 .05.2024 год.
Скопје

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| Датум на интегрална евалуација: | од 31.01 до 02.02.2024 г. |
| Број на извештај: | 2/Скопски/2024 |
| Раководител на инспекциски тим: | Гоце Јанкуловски |
| Вид на училиштето: | Основно |
| Подрачни училишта: | / |
| Основач на училиштето: | општина Кисела Вода |
| Наставен јазик: | Македонски |
| Број на ученици: | 411 |
| Полова структура на ученици: | 207 м 204 ж |
| Број на наставници: | 33 |
| Претседател на училишниот одбор: | Благоја Кечовски |
| Директор на училиштето: | Татјана Каранфиловска |
| Датум на претходна интегрална евалуација: | од 08 до 10.10.2018 г. |
| Адреса на училиштето: | ул.Јустинијан први бр 98, Скопје |
| Телефон: | 02 /2791 065 |
| Факс: | / |
| e-mail: | Kliment_ohridski_d@yahoo.com |
| оценка од интегрална евалуација | добар (3,00) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Закон за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18“) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за просветната инспекција од 31.01 до 02.02.2024 година, тим од 3 (три) државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ООУ„Св Климент Охридски“ – општина Кисела Вода, Скопје. За време на надзор тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состанок со директоротот, стучните соработници, Училишниот одбор, Совет на родители, ученички парламент, разговори со фокус група на ученици и наставници, членови на стручен активи и членови на тим на изготвување на Самоевалуацијата.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговор со фокус групите, одржани состаноци со училишните органи и тела, посета на наставни часови, анализа од доставените прашалници за ученици, наставници, стручната служба и родители, како и од увидот во донесените и изготвените списи од извршеното самооценување, а во однос на за сите седум подрачја тимот од државни просветни инспектори констатира дека севкупното работење на училиштето се оценува добар (3,00).

Наставата во училиштето е организирана и планирана по наставен план и наставни програми за деветгодишно основно образование. За учениците од прво до

шесто одделение наставата се планира по Концепцијата за основно образование со изработка на сценарио за наставен час. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се планира по адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието. Наставата по наставни предмети од концепцијата се реализираат согласно стандардите. Училиштето планира и реализира воннаставни активности по избор на учениците.

Училиштето го следи целокупниот воспитно - образовен процес, постигањата и психо-физичкиот развој на учениците. Училиштето ги идентификува учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби и превзема мерки и активности за стекнување на знаења, умеења и вештини. За постигнување на добри резултати училиштето има изготвено распоред за додатна и дополнителна настава. Реализирацијата на додатна и дополнителна настава од страна на наставниците е согласно месечен распоред. Од податоците во однос на постигања и поведение на учениците во последните три учебни години може да се оцени дека е континуирано многу добар. Средниот успех на учениците во училиштето во последните три учебни години е одличен (4.58). Училиштето има изградено имиџ и во него се образуваат ученици од својот реон и пошироко.

Поддршка и следење на планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот е добра. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на 3 (три) стручни активи. Воспитно-образовната работа се реализира согласно Годишната програма на училиштето, наставници ја реализираат наставата согласно Годишните планирањата и распоред на часови. При планирање и реализација на наставните содржини наставниците планираат и применуваат наставни форми, методи и техники на работа, вршат правилен избор на задачи, активности и нагледни средства со цел да ги постигнат целите. Употребата на ИКТ во наставата од страна на наставниците е многу добра. Интеракција помеѓу наставник-ученик и ученик-ученик е добр, учениците се вклучени во процесот на учење според нивните способности. Атмосферата на часовите е мотивирачка и начинот на кој се учи е интересен. Постигањата на учениците континуирано се оценуваат и се евидентираат. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците.

Училишниот простор е безбеден за настава. Училиштето превзема активности за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство. Училиштето води грижа за здравјето на учениците. Наставниците и стручната служба за учениците од разни категории се грижат и даваат поддршка. Стручната служба води евиденција и анализа за постигањата на учениците и советодавно делува при избор на понатамошно образование.

Училиштето има донесено кодекс на однесување на сите структири. Дисциплината е многу добра, а повединиeто на учениците е примерно. Постигањата на учениците и училиштето се промовираат на разни настани и манифестации на локално ниво. Училиштето организира активности за промовирање на мултикултурализмот, еднаквост и правичност, почитивајќи ги правата на децата. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи во училиштето, соработката со локалната средина и невладиниот сектор е добар.

Просторните услови и искористеноста на просторните капацитети е добара. Училиштето има спортски терени и спортска сала. Опременоста со нагледни средства по наставните предмети е добра. Воспитно-образовниот процес се реализира од страна на соодветен наставен кадар. Училиштето превзема мерки за учество на обуки за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Раководниот орган училишниот буџет добро го планира.

Орган на управување во училиштето е УО (училишниот одбор), истиот е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинирана во Деловник за работа. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Раководниот орган на училиштето – директор работи согласно изготвената Програма за работа. Директорот на училиштето има превземено активности кои значително ќе придонесат за подобрување на условите за работа во училиштето, повисоки постигања на учениците и климата за работа.

Од Министерството за образование и наука со Решение за согласност бр. УП1-332 од 06.11.2023 година работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето бр.0302-638 од 31.08.2023 година.

Училиштето од 20.06.2022 година со арх. бр.0202-394/1 има изготвено Самоевалуација за период 2020-2022 година и од 14.08.2020 година со арх.бр.0302-554 има изготвено Програма за развој за период 2020-2024 год.

За учебната 2023-2024 година врз основ на Програмата за развој училиштето има изготвено Годишна програма за работа бр.0302-548 од 04.07.2023 година, истата усвоена од Училишниот одбор. И одлука на на совет на општина Кисела Вода со бр.09-7245/24 од 30.08.2023 година.

# Карактеристики на училиштето

ООУ„Св Климент Охридски“-Скопје се наоѓа во село Драчево.Според пишаните податоци училиштето постоело и се изведувала настава уште од 1924 година со настава на српски јазик, па на бугарски јазик, а од 1945 година се извдува настава на македонски јазик.

Зградата во која се изведува наставата е во добра состојба.

Дејноста на училиштето е верифицирана со акт бр. 15-1943/4 од 18.12.1985 год. Училиштето има својство на правно лице и регистирано во централниот регистар со Решение бр.0805-50/150120240002024 од 25.01.2024 година со ЕДБ: 4030978252266, ЕДМ:4062205 и жиро сметка: 780010353078716

Училишната зграда е тврда градба изградено во период 1922/24 година во текот на годините 1981 се доградени нови училници а во 2000 година истото е реконструирано со нето површина од 1900м², училишен двор со површина од 35.000м² и спортски терен со површина од 623 м², и фискултурна сала со 517 м2.

Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение од реон на с.Драчево и соседнните населени места Морани ,Орешани, Таор и Зелениково од соседните општини Студеничани и Зелениково. Во учебната 2023-2024 година училиштето го посетуваат 411 ученик од I до IX одделение од кои 11 паралелки одделенска настава и 9 паралелки предметна настава. Според пол 207 ученика се машки и 204 женски.

Работата и наставата во училиштето ја изведуваат директор, педагог, психолог,специјален едукатор рехабилитатор, библиотекар и 32 наставника со соодветно образование освен еден наставник кој засновал работен однос на опрделено работно време по пат на јавен оглас. Во училиштето има наставник со звање наставник ментор. Според образовниот профил 31 наставника се со високо образование и 2 наставника се со магистерски студи. На неопределено работно време се 23 наставника и 10 наставника се на одределено работно време од нив 3 наставника се наставник - приправник. Според полот 30 се жени и 3 се машки, според етничката припадност 33 наставника се македонци. Од наставниците вработени во училиштето во друго училиште настава реализира 6 (шест) наставника. Настава во прво до петто одделение реализираат 10 одделенски наставника, а од шесто до деветто одделение настава реализираат 21 наставник и 2 наставник продолжен престој.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик во две смени од 7:30/12,30.

Училиштето располага со 15 училници, кабинет по биологија/хемија, библиотека со медиатека, фискултурна сала со 2 соблекувални и кабинет за наставникот, кујна со трпезарија, сензорна соба, сала за приредби и 4 канцеларии.Училишниот двор е ограден. Училиште се загрева со парно греење на нафта. Со одлука на владата на РСМ бр.41-13081/3 од 14.12.2023 година на општина Кисела Вода доделени се средства за изградба на нов објект на општинско училиште Св .Климент Охридски.

# Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Св. Климент Охридски“ село Драчево, се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од Националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работата на основните училишта, донесен од Министерот за образование и наука. По наставните предмети математика, физика, хемија и биологија во седмо, осмо и дветто одделение, наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ, одобрени од Биро за развој на образованието. Содржините во поголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво до шесто одделение воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование, донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година, од Министерот за образование и наука.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку изготвување на Брошура, Училиштен информатор, преку веб страната на училиштето, а исто така ја посочуваат и веб страната на Биро за развој на образованието.

Во училиштето има 6 ученици со посебни образовни потреби и тоа 6 со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ. Согласно стручните проценки со 4 ученици се работи според ИОП, со еден ученик со модифицирана програма, а со еден ученик се работи со диференциран пристап. Со Одлука бр.0302-532 од 30.06.2023 година, донесена од директорот на училиштето, согласно законската регулатива, формиран е Училиштен инклузивен тим, кој работи според изготвена програма, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. За сите ученици со посебни образовни потреби постои Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор и пропишаната процедура за изготвување на ИОП, наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Два пати годишно инклузивниот тим за ученик прави ревидирање на поставените цели во индивидуалниот образовен план со очекуваните резултати, по потреба се врши корекција и за истото се изработува извештај. ООУ„Св. Климент Охридски“ село Драчево, има склучено Договор за соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“ од Скопје, заведен со дел.бр.0302-298 од 10.06.2021 година, со цел за обезбедување поддршка при имплементирање на инклузивното образование. За учебната 2023/2024 година, од страна на ресурсниот центар, изготвен е Годишен план за поддршка на училиштето. Оваа учебна година, училиштето до ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“, навремено има доставено Барање за обезбедување на 4 образовни асистенти, но има добиено поддршка од 3 образовни асистенти, од кој еден од нив работи со двајца ученици од прво одделение.

Училиштето нуди три и повеќе изборни предмети според наставниот план за учениците од седмо до девтто одделение. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. На анктниот лист се нудат како избор три и повеќе изборни предмети, определени според кадарот со кој располага училиштето. Училиштето ја

почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите. За учениците од четврто, петто и шесто одделение училиштето доставува предлог прашалник до родителите за нивно изјаснување во однос на изборните предмети врз основа на кој се составува предлог за изборни на наставни предмети.

Во ООУ„Св. Климент Охридски“ село Драчево, се планира и реализира проширена програма. За учениците од прво до трето одделение се организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршување на редовната настава, во согласност со родителот, односно старателот. Прифаќањето и заштитата на учениците ја врши одделенски наставник, според изготвен распоред за дежурства. За учениците од прво се организира продолжен престој во една група, а за учениците од второ и трето одделение се организира продолжен престој во една хетерогена група.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и родителите. Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со ООУ„Наим Фрашери“ - Општина Студеничани, заведен со бр. 0302-856 од 02.12.2022 година. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички активности.

Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и слично.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот целосно е застапен во одделенска настава, а помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.

Училиштето, во сите наставни програми што се реализираат, има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели. Поголемиот дел од наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и прилагоденост на возраста на учениците и нивните развојни карактеристики, но до релевантните институции, нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

## 1.3.Вонаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето планира и организира заеднички воннаставни активности и со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. За реализација на заедничките активности со партнер училиштето, училиштето од МОН, со Решение бр.12-2789/63 од 07.03.2023 година има добиено грант. Оваа учебна година, училиштето повторно има аплицирано и има информација од МОН дека повторно ќе добие грант. Покрај проектот за МИО, во ООУ„Св. Климент Охридски“ се реализираат и други проекти и тоа „Формирање и воспоставување на мрежа за искуствено учење под раководство на Македонско еколошко друштво“, поддржан од страна на УНИЦЕФ, со финансиска подршка од Шветска агенција за меѓународна

соработка, проектите „Квалитетот на воздухот во училиница“ и „Училишно еко – кино“ поддржани од Фонд за иновации за технолошки развој и други.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во воннаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Изборот се врши преку изјаснување на учениците. Групите најчесто се хетерогени (од различни паралелки). Училиштето во воннаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на воннаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози. Училиштето ги поттикнува учениците на младинско учество. Во таа насока реализирани се работилници со ученичкиот парламент со цел за запознавање со правата на детето.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во учебната 2021/2022 година, учениците освоиле 26 награди на општински натпревари, 25 награди на регионални натпревари и 9 награди на државни натпревари, во учебната 2022/2023 година, учениците освоиле 56 награди на општински натпревари,31 награди на регионални натпревари, 7 награди на државни натпревари и 1 награда на меѓународно натпревар. Во тековната учебна 2023/2024 година, учениците освоиле освоиле 4 награди на општински натпревари, 15 награди на регионални натпревари и 4 награди на државни натпревари.

Учениците и наставниците работат на проекти од различна природа. Постојат и голем број на примери за реализирани младински иницијативи кои учениците самостојно ги покренуваат, а добиваат поддршка од наставниците при нивната реализација. Во таа насока постојат голем број реализирани активности со дом за стари лица Вита Ве во Општина Бутел, како и вклучување на учениците во хуманитарни акции, собирни акции за учениците од социјално загрозени семејства и слично, во соработка со Црвен крст.

За афирмирање на воннаставните активности, училиштето користи сопствен училиштен весник „Наш збор“, потоа повеќе медиуми како социјални мрежи, веб страната на училиштето и веб страната на општината.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Согласно со донесената Годишната програма за работа на училиштето, за учебната 2023/2024 година, по одобрување на програмата за екскурзии од Бирото за развој на образованието, Советот на Општина Кисела Вода и Советот на родители, тековно ќе се реализираат предвидените ученички екскурзии.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр.30120160043553 од 01.12.2016 година, донесено од Централен регистар на РМ, има регистриран Училишен спортски клуб Климент Охридски Драчево, Скопје и Решение Бр.08-2054/2 од 30.12.2016 година, донесено од Агенција за млади и спорт на РМ за вршење дејност спорт – училиштен спорт. Во моментот на спроведување на интегралната евалуација училишниот спортски клуб е активен и во него се застапени се три спортски дисциплини –одбојка, планинарење и велосипедизам.

# 2 Постигнувања на учениците

## 2.1 Постигнувања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и националност за сите наставни предмети и класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 4.64, во учебната 2021/2022 година изнесува 4.48 и во учебната 2022/2023 година изнесува 4.66. Средниот успех за последните три учебни години изнесува 4.58.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат и во таа насока, континуирано презема конкретни активности.

Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето, за реализирање на активностите од проектот за меѓуетничка интеграција, организира заеднички воннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во соработка со партнер училиштето, кои се планираат и реализираат во вид на работилници и презентации, преку кои учениците се стекнуваат со нови знаења и искуства за историјата и традицијата на македонскиот и албанскиот народ.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Со Одлука бр.09-3617/6 од 26.04.2022 година, донесена од Советот на Општина Кисела вода, утврдени се реоните на основните училишта на територијата на Општина Кисела Вода. Согласно со истата, ООУ„Св. Климент Охридски“ ја опфаќа територијата на село Драчево. Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување и презема различни активности за да ги запише сите деца од својот реон. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, доставува покани до родители, врши посети на семејства, соработува со градинката која е во непосредна близина на училиштето, остварува соработка со надлежни институции и со локалната заедница. Изготвена е процедура за запишување ученици во прво одделение и училиштето постапува согласно со неа. Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици и го известува Државниот просветен инспекторат за незапишаните ученици.

Училиштето делумно располага со податоци за тоа каде учениците го продолжуваат своето образование по завршување во училиштето, односно има податоци само за оние ученици, за кои средните училишта доставиле такви податоци.

Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес. Во оваа учебна година нема ваков случај.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 4 107, од кои 174 изостаноци се неоправдани или 0,40 по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 15 692, од кои 51 од изостаноците се неоправдани или 0,12 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 17 676, од кои 973 изостаноци се неоправдани или 2,35 неоправдани изостаноци по ученик. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди не е поголм од 1 неоправдан изостанок по ученик. Училиштето ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања на родители и ученици, за кои се води уредна евиденција. Советувањата ги реализира училишниот психолог и педагог. За учебната 2021/2022 година училиштето има реализирано вкупно 18 советувања, од кои 1 советување по основ на намален успех, 9 советувања по основ на непосетување на настава и 8 советувања по основ на несоодветно однесување на ученици, во учебната 2022/2023 година, реализирани се 27 советување на родители од кои 2 по основ на намален успех, 13 по основ на нередовно посетување настава и 12 советувања по основ на несоодветно однесување. Во учебната 2023/2024 година, до моментот на спроведување на интегралната евалуација, реализирани се 7 советувања на родители од кои 3 по основ на нередовно посетување настава и 4 по основ на намален успех во учењето. За резултатите од спроведените советувања, доколку има потреба се доставуваат известувања до надлежни институции. Психлогот и педагогот ги следат резултатите од советувањето. Според статистиките и анализите може да се заклучи дека советувањата на родители и ученици даваат позитивни ефекти.

Во училиштето има појава на осипување на ученици. Во учебната 2021/2022 година, бројот на осипани ученици изнесува 14, за учебната 2022/2023 година, бројот на осипани ученици изнесува 4, а во тековната 2023/2024 година, до моментот на надзорот бројот на осипани ученици изнесува 8. Училиштето го следи осипувањето на учениците по одделенија и презема конкретни мерки за да го намали осипувањето кои вклучуваат посета на домот, по потреба соработка со Центарот за социјална работа, соработка со локалната самоуправа и нивно пријавување до Државниот просветен инспекторат.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, до моментот на надзорот, вкупно 26 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство, а 9 ученици се запишале во ова училиште.

## 2.3 Повторување на ученици

Од увидот направен во училишната евиденција, односно од извршените анализи за постигањата на учениците на крајот од учебната година, констатирано е дека, во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.
Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има договорени приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручните соработници.

Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови за час и сценаријата за час, континуирано се следат во текот на годината, при посетите на часови спроведени од страна на директорот и стручните соработници. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Исто така и Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за учениците со посебни образовни потреби. Во една учебна година, најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници.

Сите наставници навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Наставниците кои реализираат воспитно - образовна работа со учениците од седмо до девтто одделение, изработуваат годишни, тематски планирања и опративен план за наставен час. За реализирање на наставата според адаптираните Кембриџ програми, планирањата на наставниците се изготвуваат според дидактичките насоки од Бирото за развој на образованието за планирање на наставата по Кембриџ програмата. Наставниците кои реализираат воспитно - образовна работа од прво до шесто одделение, изработуваат сценарио за наставен час, тематски процесни планирања и неделни планирања, во согласност со Насоките за планирање, организација и реализација на наставата од прво до шесто одделение во учебната 2023/2024 година, изготвени од Биро за развој на образованието. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај голем дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се утврдени во поголем дел од планирањата. Наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, во соработка со наставници од други училишта и со поддршка од стручните соработници. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално.

Распоредот на часови е направен според наставниот план земајќи ги во предвид просторните и кадровските можности на училиштето. Распоредот на часови за предметна настава го изготвува наставникот по наставниот предмет Математика, а за одделенска настава го изготвува наставник од одделенска настава. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите на учениците.

## 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час на најголем дел од наставниците.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците поретко применуваат наставни техники.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани поголем број на часови со примена на ИКТ. За целосна имплемнтација на Концепцијата за основно образование, донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година од Министерот за образование и наука, неопходно е доопремување на дел од училиниците со паметна (смарт) табла, како што е предвидено со наставната програма.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности, приспособен е на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците најчесто користат учебници и прирачен материјал и дополнителна литература. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно, разбирливо и соодветно на возраста на учениците.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Постои интеракција на релација наставник - ученик, а во помала мера е застапена интеракција на релација ученик - ученик.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност или попреченост. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, во однос на културните разлики, способностите, физичката попреченост, интелектуалната попреченост и друго.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку двапати во полугодие од страна на директорот или од стручните соработници. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите, училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Низ ходиците во училиштето, има изложени изработки на учениците преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија и во најголем дел од училниците има изложени трудови на учениците.

Учениците сметаат дека по повеќето предмети, се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, поголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.
Поголем број од наставниците, во соработка со стручните соработници и со Инклузивниот тим, во процесот на поучување користат различни приоди со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат.

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по сите наставни предмети.

Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Оценувањето на постигањата на учениците со пречки во развојот се врши според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост, донесен од Министерот за образование и наука, согласно со целите на изготвениот Индивидуален образовен план, а во соработка со Инклузивниот тим.

Сите наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Во повратната информација се содржани тековните постигања на учениците. Поголем дел од наставниците даваат насоки за подобрување на постигањата, а по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава. Поголем дел од наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

## 3.5 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се организираат родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите. На видно место во училиштето е истакнат распоред со приемно време за секој наставник.

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Доставувањето на евидентните листи се врши електронски преку апликацијата на Е -дневникот, по што од родителите се бара

електонски да го потврдат приемот на евидентниот лист. За родителите кои се од понизок социоекономски статус кои немаат пристап до интернет евидентните листи им се печатат. Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот, предвиден со Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

# 4 Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава и други воспитно-образовни активности. Училиштето има Правилник за заштита од пожари како една од мерките за заштита од елементарни незгоди со добиено позитивно мислење од Дирекција за заштита и спасување. Со овој правилник се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.

Училиштето располага со еден хидрант за кој нема доказ дека е извршена проверка на исправноста и 16 ПП апарати кои последен пат се сервисирани на 14.11.2023 година по што е издадена потврда за нивната исправниот од Огностоп противпожарна заштита заведена со бр.0502-930 од 23.11.2023 година. Извршена е проверка на исправноста на громобранската мрежа од страна на БЗР Тим инженеринг за што е издаден технички извештај бр.331/2021 и бр.04/2021 дека истата ги задоволува стандардите. Училиштето има физичко обезбедување само во ноќните часови преку Секурисат ДООЕЛ – Скопје ангажирано преку основачот. Училишниот објект и опрема е осигурана од пожар и некои други опасности преку А.Д.Осигурителна полиса, Полиса бр.080000081947 со важност до 13.04.2024 година.

Во училиштето најголем дел од вработените завршиле основна обука за заштита и спасување организирана од Дирекција за заштита и спасување спроведена на ден 07.12.2021 година и се стекнале со Уверенија.

Во текот на последниве три години извршени се две симулации за заштита од елементарните непогоди земјотрес и пожар.

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Учениците постојано се поучуваат од наставниците како да се однесуваат кон потенцијално опасните места.

Во училиштето има тројца обучени наставници за давање прва помош на учениците при несреќни случаи.

Дежурните наставници за време на одморите меѓу часовите, водат грижа за безбедноста на учениците.

Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и стручните соработници, за учениците и родителите. Кодексите се истакнати на видно место во училиштето. Кодексот го почитуваат во најголема мера сите структури.

Во училиштето има пишани документи за спроведување на училишна политика за ненасилство во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство. За спречување на насилство стручната служба во соработка со раководителите на паралелките разговараат на оваа тема со учениците и нивните родители. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите во локалната заедница, најчесто со Здравствени организации, Црвен крст, Министерството за внатрешни работи, Полициско одделение „Драчево“ и Општина Кисела Вода.

Психологот и педагогот, покрај советодавна работа со учениците, реализираат работилници на кои се третираат актуелни теми како другарство, хуманост, решавање конфликти, спречување насилство.

Во училиштето има политика за забрана на пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и употреба на наркотични супстанции. Нема забележано вакви појави во училиштето. Во училиштето има истакнати знаци за забрана за пушење.

Училиштето има организирана исхрана (топол оброк) за учениците преку групна набавка организирана и спроведена од училиштето „Кузман Шапкарев“ – Општина Кисела Вода, а во училиштето храната само се дистрибуира и послужува. Со истата се опфатени учениците од продолжен престој. Испитувањето на безбедноста и квалитетот на храната го врши ООУ„Кузман Шапкарев“ како носител на набавката. Училиштето нема увид во квалитетот на храната која се нуди, но до моментот на интегралната евалуација нема поплаки.

Со цел да се поттикнат и мотивираат учениците за здрав живот, во училиштето се води кампања за здрава исхрана.

Во училиштето има создадено услови за движење на лица со телесни пречки во развојот. Има монтажна пристапна рампа за деца со посебни физички потреби, но нема специјален тоалет за овие лица. Во училиштето има еден ученик со телесни пречки.

Во училиштето има договорени процедури за помош на ученици од социјално загрозени семејства. Училиштето поседува документација за 5 вакви ученици, но 18 ученици се детектирани од страна на кадарот од училиштето и секогаш се вклучени во помошта. Секогаш на учениците од социјално загрозени семејства им се овозможува да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Притоа, училиштето соработува со родителите, локалната самоуправа и со другите релевантни институции (Центарот за социјална работа, Црвен крст, хуманитарните организации и деловната заедница).

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиште е на високо ниво. Во текот на учебната година во училиштето се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација, а последната е извршена на 15.05.2023 година од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје за што е издадена Потврда бр.0001890 од 15.05.2023 година.

Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти редовно, најмалку по двапати во секое полугодие а по потреба и почесто. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена.

Дворот на училиштето е уреден и чист од секаков вид отпадоци, аземјените површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во училишниот двор, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето целосно ги реализира точките на акции од воспоставените еко-стандарди со цел постигнување на високо ниво на хигиена во училиштето и заштита на здравјето на учениците и вработените.

Во склоп на годишната програма на училиштето содржана е програма за заштита и унапредување на здравјето на учениците. Во случај на појава на заразна болест училиштето усвојува договорени процедури за заштита од нејзино ширење. Редовно се вршат систематски и санитарни прегледи на вработените. За последниот систематски преглед кој е спроведен од Превмед ПЗУ Скопје училиштето поседува извештај заведен под бр.0301-1402 од 27.09.2022 година за извршени систематски прегледи на 45 вработени, а извршен е и санитарен преглед во периодот од 27.11. до 01.12.2023 година.

Во соработка со Поликлиника „Драчево“ редовно се вршат систематски прегледи и вакцинирање на учениците согласно со националната програма за здравствена заштита, за што стручната служба води уредна евиденција.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго отсуствуваат од настава. Процедурите се спроведуваат во практика на иницијатива на раководителот на паралелката или предметен наставник, во соработка со родителите и други релевантни институции.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците со емоционални проблеми. За спроведување на процедурите се одговорни стручните соработници педагог и психолог кои се обучени да помогнат во вакви случаи и за истото водат уредна документација.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето навремено им обезбедува информации на учениците за можностите за понатамошно образование. Од средните училишта доаѓаат соодветни лица кои вршат презентации, а сето тоа е промовирано на училишниот вебсајт. Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и целосни информации за можностите за понатаношно образование. Стручните соработници педагог и психолог спроведуваат тестови за проценка на интересите и способностите по што се даваат препораки околу понатамошното образование, запознавање со конкурсот за запишување во средно образование и самооценување на интересите и вештините на учениците.

## 4.4 Следење на напредокот

Најголем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења. Се врши следењето на постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Раководителите на паралелката водат уредна евиденција во дневникот на паралелката за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик.

Раководителите на паралелката на крајот од секое тримесечие и полугодие поднесуваат извештај за постигањата на учениците во паралелката. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на одделенските часови, а родителите на родителски средби.

Стручната служба изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците по паралелки и години и подготвува анализи.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените

извештаи и анализи според паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се разгледуват на органите во училиштето и се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.
Учениците кои постигнувале забележителни резултати и освоиле награди на натпревари, дополнително се промовират и се стимулираат.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

ООУ„Климент Охридски“- с.Драчево, Општина Кисела Вода е препознатливо како училиште со долга традиција кое годинава одбележува 100 години постоење, квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области како и според остварувањето на визијата и мисијата. Училиштето ја подржува инклузивноста, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците, родителите и

заедницата во училишниот живот. Учениците и вработените добро се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива голем респект кај родителите.

Училиштето има посебни кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите и Куќен ред за однесување на сите вработени. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале сите структури, а се усвоени од органите и телата на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на поттикнувачка атмосфера во училиштето, а тоа се гледа од нивното однесување со учениците, вработените, родителите, како и посетителите на училиштето.

Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и вонннаставните активности.

Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на многу добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето има изготвено интерен правилник за изрекување педагошки мерки. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина, упатена кон припадниците на различните етнички заедници. Во последните три години има изречени педагошки мерки и тоа: во учебната 2021/2022 изречени се 8 усни опомени и 1 писмена опомена, во учебна 2022/2023 година изречени се 17 усни опомени, 8 писмени опомени, 2 укори и 1 префрлање во друга паралелка, во учебна 2023/2024 година изречени се 5 усни и 1 писмена опомена.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формиран ученички парламент, која функционира според изготвена програма за работа, а помош и поддршка при нејзината реализација добиваат од стрчните соработници и од одговорниот наставник. Сите ученици се навремено информирани и учествуваат при решавање на проблеми и партиципираат со свои мислења и предлози при донесување на одлуки што се од нивен интерес. Ученичкиот парламент редовно одржува состаноци и со поддршка од одговорниот наставник води записници од одржаните состаноци. На крај на секое полугодие се стручната служба изготвува извештај од сработеното согласно планот. Оваа учебна година до моментот на интегралната евалуација одржани се 3 состаноци. Постојат примери на младински активизам во соработка со хуманитарната организација „Св.Спас“ при која учениците се вклучиле со донација на храна за социјално ранливи семејства, посета на старски дом „Вита ве“ при што учениците се вклучиле со донирање на лични изработки.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето превзема активности за промовирање на постигањата на учениците. Истите се истакнуваат во училишниот хол и на веб-страната на училиштето, фејсбук страната, преку училишниот весник. Училиштето користи начини за промовирање на личните постигања на учениците и во пошироката локална средина преку соработка со јавните гласила и медиуми.

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Училиштето избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор.

Училиштето развива политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех преку доделување книги, дипломи, благодарници и др. Општината парично ги наградува овие ученици како и наставниците што помогнале во тоа.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето, се запознати со правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување

Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите надвор од часовите.Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници.Училиштето во своите програмски документи планира и реализира активности за запознавање на учениците со културата и традицијата на другите етнички заедници. На редовните часови планирани се содржини за меѓуетничка интеграција.Со Решение бр.0302-54 од 04.07.2023 година од директорот на училиштето формиран е тим за планирање и следење на реализираните активности од проектот за меѓуетничка интеграција.Училиштето организира заеднички вонаставни активности наменети за културно/јазично мешани групи. Училиштето има склучено меморандум за соработка со ООУ„Наим Фрашери“ – Општина Студеничани училиште со настава на албански наставен јазик. Во холот на училиштето има истакнато изработки и фотографии кои го отсликуваат мултикултурниот карактер на државата.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето превзема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобруввањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во Училишниот одбор во кои вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родителите во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата.
Постојат мал број примери за соработка со локалната деловна заедница. Преку фирмата „Орбико“ училиштето добило нагледен матерјал за сензорната соба, а има и реализирани посети на ученици во претпријатија и фирми.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишната зграда е изгадена во 1922 година, а е отпочнато со реализирање на воспитно-образовна работа од 1924 година. Училишната зграда е од тврда градба, составена од три објекти со површина 1900 m2 и е во целост на приземје. Училишниот двор е со површина од 3,5 ha и е целосно хортикултурно и партерно уреден. Дворот на училиштето е целосно заграден. Во непосредна близина на училиштето има отворено спортско игралиште кое е во сопственост на Општина Кисела Вода, а се користи од страна на училиштето.

Училиштето располага со 15 училници, кабинет по биологија/хемија, библиотека со медиатека, фискултурна сала со 2 соблекувални и кабинет за наставникот, кујна со трпезарија, сензорна соба, сала за приредби и 4 канцеларии. Загревањето на училишниот објект е со сопствено парно на нафта. Во моментот на спроведувањето на интегралната евалуација во ходниците на училиштето загревањето делумно задоволува.

Во училиштето има вкупно 3 санитарни јазли за ученици, 1 за вработени и 2 санитарни јазли со тушеви во фискултурната сала.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Опременоста на училиштето со наставни, нагледни средства и други технички помагала е добра и истата има тенденција на подобрување.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Постојат пријатни, просторни услови за одвивање на работата на наставниот кадар. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни, нагледни средства и други технички помагала е добра и истата има тенденција на подобрување.

Училиштето ги утврдува потребите на наставните средства и помагала на ниво на стручни активи и прави напори за нивна набавка, според финансиските можности. Од наставни помагала училиштето располага со 18 статични компјутери, 60

функционални мини лап-топ компјутери, 8 смарт табли, 6 лцд тевевизори, 12 принтери, 2 тв приемници, 3 звучници ,1 лап-топ компјутер, 20 таблети, 3 мобилни лцд проектори, историски карти, географски карти, геометриски тела, синтисајзер, контрабас, 12 мандолини и доволен број спортски реквизити.

Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства. Истиот ги изразува потребите утврдени од страна на стручните активи и во текот на годината според финансиските можности и приоритети се обновуваат и дополнуваат. Во обновување на нагледните средства и помагала активно и континуирано учествува и основачот.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ги користат во наставата и во учењето.

Училишната библиотека располага со повеќе од 5 книги по ученик односно 5990 наслови на книги од кои 928 лектирни изданија, 251 стручна литература, 79 литература на странски јазици, 2 литература на изборните јазици, а останатите наслови се белетристика.

Библиотеката располага со мини читална, опремена е со компјутер со пристап до интернет.Книжниот фонд се води електронски и во инвентарна книга. Библиотеката ја води библиотекар кој ги исполнува условите и е со полно работно време. Работното време на библиотеката ги покрива двете смени.Приемот и складирањето на учебници го врши библиотекарот

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал, потребен за реализација на наставните и вонннаставните активности, во рамки на финансиските можности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши тековно, според потребите со договорни постапки.

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници, за реализирање на воспитно- образовниот процес.

Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 33 наставници од кои 10 на определено и 23 на неопределено работно време.

Тројца наставници се приправници и за нив е назначен ментор. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со нормативите од наставната програма освен еден наставник кој реализира воспитно-образовна работа по наставните предмети хемија и физика. Истиот е ангажиран по пат јавен оглас како единствен пријавен кандидат. Училиштето постапува согласно со законската регулатива при реализација на приправничкиот стаж.

Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставен кадар, училиштето во соработка со основачот води грижа навремено да обезбеди соодветна замена.

Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на воспитно - образовниот процес, со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на Министерството за образование и наука како и со нивно индивидуално професионално усовршување. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на административно - техничкиот персонал.

Наставниот кадар добива поддршка во реализацијата на настава од страна на стручната служба составена од педагог и психолог. Стручните соработници им помагаат на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблеми на индивидуално и групно ниво и во давање на советодавна помош на учениците. Имаат програми за работа кои се во состав на Годишната програма за работа на училиштето и тековно се реализираат.Стручните соработници во своите програми планираат и спроведуваат разновидни активности за подобрување на соработката на учениците и наставниците.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој при што ги има во предвид основните професионални компетенции за наставници. Има изготвено програма за професионалниот развој базирана на детектираните потреби на наставниците.

Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари, организирани од страна на Министерство за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука како и на обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани обучувачи.Во последниве две години наставниците и стручните соработници посетувале обуки во однос на инклузија во образовниот процес, обуки за новата коцепција, за настава за развивање критичко мислење кај учениците, за препознавање и превенција на врсничко насилство, спречување и борба против трговија со луѓе, медиумска писменост, сајбер насилство и други. Во финансискиот план за тековната учебна година се предвидени средства наменети за обука на наставниот кадар.

Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства. Финансиското работење на училиштето се контролира преку Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на финансиските средства. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределбата на финансиските средства.

Средствата за материјалните трошоци, трошоците за комунални услуги и друго се обезбедуваат од блок дотациите добиени од основачот, преку претходно одобрен финансиски план. Средствата се користат наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развој на училиштето во целина.

За финансиското работење училиштето ја информира локалната власт преку квартални извештаи за финансиското работење.

# 7 Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловник за работа бр.0302-820 од 30.10.2023 година и планирана во Годишна програма за работа. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес, има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, нивниот придонес во тимската работа, донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, ги имплементира промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрување на условите за работа, воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет.

## 7.2 Креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата, а вклученоста на родителите и учениците делумно задоволува. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, младинско учество, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите. Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во подобрување на политиките, како и во активностите за нивно остварување. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите. Училиштето ги информира наставниците за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Хигиената во училиштето е на високо ниво, уреден училишен двор, добра грижа при одржувањето на хигиената од сите структури во училиштето
- Дисциплината на учениците е многу добра
- Директорот има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето;
- Реализирање на проекти од образовен карактер;
- Добра клима за работа;
- Добра поддршка на учениците со посебни образовни потреби;

## 8.2 Слаби страни

- Простран и стар училишен објект со потешкотии при неговото загревање во зимскиот период
- Нема прилагоден тоалет за ученикот со телесни пречки во развојот
- Технички непрегледана хидрантска мрежа;
- Училиштето нема увид во квалитетот на храната на учениците

## 8.3 Препораки

- Училиштето да ги продолжи активностите за изградба на нов училишен објект со еднакви можности
- (Прилагоден тоалет) за учениците со телесни пречки во развојот
- Проверка на хидрантска мрежа од надлежна институција
- Училиштето да воспостави процедури за проверка на квалитетот на храната

| | |
|---|---|
| Гоце Јанкуловски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Соња Миладинова, член на инспекцискиот тим | |
| Хермина Николовска, член на инспекцискиот тим | |